АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Медиумска

# писменост

## Извештај за спроведување на

## Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија

## (2016-2018)

Март 2019

# Содржина


Вовед .......... 2

План за координација и консултација .......... 5

Мрежа за медиумска писменост на РМ .......... 5

Нови активности и проекти .......... 6

Консултации и размена на информации .......... 7

План за подигнување на свеста .......... 9

Онлајн платформа посветена на МП .......... 9

Информативен материјал и кампањи .......... 10

Работилници, конференции, состаноци и други настани .......... 11

План за следење на трендовите на медиумската писменост .......... 13

Годишен извештај за МП .......... 13

Истражувања и анализи .......... 13

Други аспекти од работа на АВМУ поврзани со МП .......... 15

Заштита на малолетниците .......... 15

Родот и медиумите .......... 17

# Вовед

Врз основа на своите обврски и надлежности кои произлегуваат од членовите 2, 6 и 26 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19):

*Член 2*

*Цели на Законот*

*Целта на овој закон е во Република Македонија особено да се обезбеди:*

- *развој на медиумската писменост,*

*Член 6*

*Надлежности на Агенцијата*

*(1) Агенцијата во согласност со овој закон:*

- *поттикнува медиумска писменост,*

*Член 26*

*Социјална инклузија и медиумска писменост*

*(1) Агенцијата презема активности за да ги поттикне давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, своите услуги постепено да ги направат достапни за лицата со оштетен слух или вид.*

*(2) Агенцијата презема активности за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија.*

*(3) При преземањето на активностите од ставовите (1) и (2) на овој член Агенцијата соработува со невладини организации, здруженија на граѓани, образовните институции и други заинтересирани страни и истите ги објавува на својата веб страница.*

*(4) Преземените активности од ставовите (1) и (2) на овој член се составен дел на годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата.*

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2015 година усвои Програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија за периодот 2016-2018[1] (Понатаму во текстот Програма за поттикнување МП). Документот беше изработен со странска експертска поддршка преку проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“, финансиран од Европската комисија.

[1] Достапна на: http://mediumskapismenost.mk/media/2016/05/Programa_za_mediumska_pismenost-1.pdf.

Општите цели на документот, кои се всушност долгорочни цели за подобрување на медиумската писменост во земјата, беа поставени на следниов начин[2]:

- *Да се промовира медиумската писменост во македонското општество;*
- *Да се придонесе кон разбирањето на медиумската писменост од страна на граѓаните;*
- *Да се подобрат условите за граѓанско и демократско учество;*
- *Македонија, во меѓународни рамки, да се етаблира како земја со добри пракси во МП;*
- *Да се постави Агенцијата како главен координативен центар за активностите за МП во земјата и да се зголемат нејзината видливост и признавање.*

Посебните и покусорочни цели, чие остварување е во прилог на постигнувањето на општите цели беа:

- *Подигнување на свеста за концептите за медиумска писменост и за вредностите преку стимулирање дебата и осврти;*
- *Промовирање на медиумската писменост преку повеќе меѓусебно поврзани активности кои ќе опфаќаат и обезбедување информации и поврзување со претходни релевантни проекти;*
- *Следење на напредокот и трендовите за МП во Македонија;*
- *Воспоставување форми на соработка со релевантните чинители преку развој на мрежа до која треба да се пристапи, меѓу другото, во текот на процесите за консултација;*
- *Ангажирање и соработка со министерствата, медиумите, образовните тела и граѓанското општество заради спроведување на активностите;*
- *Олеснување за чинителите да ја инкорпорираат идејата за МП преку приказ на придобивките за нив и потсетување на нивната (јавна) мисија;*
- *Поттикнување на демократското и граѓанското учество на луѓето од Македонија преку развој на нивното разбирање за медиумската писменост.*

За да се исполнат овие цели, во Програмата за поттикнување МП беа планирани повеќе активности, распределени во три плана: План за подигнување на свеста, План за координација и консултација и План за следење на трендовите за медиумска писменост.

Овој Извештај ги сублимира сите активности за поттикнување на медиумската писменост во земјата спроведени од страна на Агенцијата во периодот од 2016 до 2018 година.

---

[2] Општите и посебните цели, како и специфичните препорачани активности, се пренесени од Програмата за поттикнување МП во изворна форма.

Имајќи предвид дека медиумската писменост е блиску поврзана со голем број добро познати прашања на кои Агенцијата работи во континуитет, на што реферира и Програмата, а кои ги вклучуваат заштитата на малолетниците, медиумскиот плурализам, пристапот до медиумите од страна на лицата со сетилна попреченост и прашањето на родот во медиумите, на крајот од извештајот се поместени информации за реализираните активности и во овие сфери. Исклучок е прашањето за пристапот на лицата со сетилна попреченост што е предмет на посебна програма и посебен извештај за нејзино спроведување.

Како што ќе се види на наредните страници, беа реализирани речиси сите препорачани активности од Програмата. Особено значајно беше формирањето на Мрежата за медиумска писменост. Регулаторот го иницираше нејзиното создавање, но за нејзиното формирање, бројноста и составот на нејзиното членство пресудна беше и подготвеноста на другите чинители да станат дел од неа. Инаку, формирањето ваков тип мрежи се смета за добра практика за инволвирање на релевантните чинители на полето на медиумска писменост. Агенцијата (заедно со регулаторните тела од Ирска, Норвешка и Хрватска) беше еден од позитивните примери врз основа на кои беше изработен документот „Мрежи за медиумска писменост – Водич“[3] во кој Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) дава насоки како да се формираат вакви мрежи.

Единствената активност која не беше реализирана е објавувањето билтен посветен на медиумската писменост. Меѓутоа целта на оваа активност – пренесување новости и информации за МП - беше постигната така што беше обезбедена и функционира поинаква инфраструктура за информирање. Таа, во Мрежата за медиумска писменост се одвива преку посебна адреса за електронска пошта: mediumska.pismenost@avmu.mk, а со јавноста преку тријазичната веб страница посветена на медиумската писменост http://mediumskapismenost.mk).

[3] Chapman, M. (2018) Media Literacy Networks – Guidelines, достапен на: https://cdn.epra.org/attachments/files/3336/original/EPRA_MIL_Taskforce_MIL_Networks_-_Guidelines_final.pdf?1528723176

# План за координација и консултација

Планот за координација и консултација на Програмата за поттикнување МП беше мотивиран од потребата и обврската на Агенцијата да воспостави двонасочен систем на комуникација со заинтересираните страни и да иницира дијалог со релевантните чинители заради унапредување на знаењето, разбирањето и активностите за медиумска писменост, формирање партнерства, дисеминација на резултати, со што би се постигнала најширока можна видливост и повеќекратен ефект.

За да се оствари ова, препорачано беше спроведување на следниве активности:

- *Да се воспостави **мрежа** составена од заинтересираните субјекти во рамките на релевантните чинители (т.е. јавни институции и министерства, приватни и јавни радиодифузери, граѓански организации и образовни тела);*
- *Агенцијата да има улога на модератор за формирање синергиски партнерства и поттикнување на чинителите да **спроведуваат нови активности и проекти** за промовирање на МП во Македонија;*
- *Одржува **отворени консултациски процеси**, размена на информации, поттикнување советување и повратни информации.*

## Мрежа за медиумска писменост на РМ

Една од клучните активности за остварување долгорочни и одржливи резултати на полето на медиумската писменост беше креирањето „мрежа составена од заинтересираните субјекти во рамките на релевантните чинители“. Агенцијата го иницираше нејзиното формирање уште кон крајот на 2016 година, отворајќи ја дискусијата на оваа тема во декември, на четвртиот јавен состанок. Повод беа презентирањето на резултатите од истражувањето за нивото на медиумската писменост кај возрасните во Македонија и промовирањето видео спот за подигнувањето на свеста за важноста на ова прашање. Потоа, во почетокот од 2017 година, најпрвин беше спроведена комуникација по електронска пошта и консултативни средби со потенцијалните заинтересирани страни, а потоа Агенцијата изработи нацрт-акт за формирање на Мрежата, кој беше дистрибуиран електронски до сите релевантни субјекти, за да се изјаснат за неговата содржина. По процесот на консултација, на 27 април, на настанот организиран од регулаторното тело беше промовирано формирањето на Мрежата за медиумска писменост чии основачи беа 35 субјекти. Целта и причината за нејзино постоење е да овозможи комуникација и консултација меѓу различните субјекти во земјава кои работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост и кај децата и кај возрасните. Придонесува за почеста соработка меѓу релевантните чинители и за подобри и поодржливи резултати од проектите, како и за нивна најширока можна видливост.

Во крајот на 2018 година, Мрежата имаше 46 членки меѓу кои две министерства: за образование и за труд и социјална политика; а од државните институции, покрај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членуваат и Дирекцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за филм. Има и две приватни високообразовни установи - Високата школа за новинарство и односи со јавноста и Институтот за комуникациски студии. Најбројни се граѓанските здруженија и организации – ги има 28: Македонски

институт за медиуми, Совет за етика во медиумите на Македонија, Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, Коалиција Маргини, Сојуз Национален младински совет на Македонија, Здружение за унапредување на образованието Конеду глобал, Центар за разбирање и институционална соработка, Здружение за социјални иновации - Асоцијација за развој на нови опции, Здружение за медиумска и комуникациска култура и граѓанско право Реформатор, Организација на потрошувачите на Македонија, Институт за мас медиуми едукација и комуникации, Асоцијација за истражување, комуникации и развој Паблик, Исламски младински форум, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Евротинк - Центар за европски стратегии, НВО Инфоцентар, Центар за развој на медиуми, Здружение на новинарите на Македонија, Младински образовен форум, Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Здружение Диверзити Медиа, Здружението за едукативен развој Еквалис, Институт за истражување на општествениот развој Ресис, Здружение за граѓански активизам Форум 16, Здружение за граѓанско образование и цивилно општество Ганимед, Здружението за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен работник, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби, Волонтерски центар Скопје - Младински магазин „Воисес". Во Мрежата има девет медиуми: ТВ Плус од Куманово, Радио Свети Николе, ТВ Канал - 21 од Велес, Универзитетското радио УКЛО ФМ- Битола, ТВ Спектра од Лабуништа, ТВ Шења, ТВ Ера, ТВ Алфа, Антена 5 Радио и 1ТВ. Народниот правобранител има статус на набљудувач на Мрежата. Инаку, меѓу основачите беше и Радио Слободна Македонија чие членство заврши во јули 2018 година бидејќи во меѓувреме му беше одземена дозволата.

Агенцијата ја модерира комуникацијата во Мрежата од формирањето наваму преку посебната адреса за електронска пошта: mediumska.pismenost@avmu.mk како и на веб страницата http://mediumskapismenost.mk, која беше промовирана кон крајот на 2017 година (за неа повеќе детали има во делот за Планот за подигнување на свеста).

Мрежата е континуирано отворена за нови членови - потребно е само да се прифати Актот за формирање, да се пополни Пристапница и да се достави во Агенцијата. Двата документи се достапни на: http://mediumskapismenost.mk/clen-na-mrezata/.

## Нови активности и проекти

Во текот на 2017 година, Агенцијата ја иницираше и координираше изработката на првиот проект на дел од членките на Мрежата - ДВД насловено „Информации, видеа и други документи за МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ" наменето за основните училишта во државата. Имено, ДВД-то беше изработено со материјали (видео, пишани и компјутерска игра) кои бесплатно ги обезбедија Агенцијата, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии, Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Евротинк – Центар за европски стратегии, Здружението за унапредување на образованието Конеду Глобал и Метаморфозис и Народниот правобранител. Бидејќи целта беше материјалот кој се наоѓа на ова ДВД да им биде ставен на располагање на наставниците во основните училишта, беше добиена дозвола од Бирото за развој на образованието за дистрибуција на едукативниот материјал. АВМУ самостојно ја финансираше изработката на овој проект, а 2000 копии од ДВД-то беа дистрибуирани од Министерството за образование (како членка на Мрежата). Заедно со ДВД-то, до основните училишта беше испратен и леток насловен „За медиумската писменост" изработен од АВМУ (повеќе детали за летокот има подолу).

Агенцијата поддржува и два други проекти – „Критинк", којшто го реализираат Фондацијата Метаморфозис и Евротинк, и „Писменост за вести и дигитална писменост -

Справување со лажните вести“ што го спроведува Македонскиот институт за медиуми во партнерство со Институтот за комуникациски студии, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Институтот за различности во медиумите од Лондон. Овие тригодишни проекти се финансиски поддржани од Европската Унија, а нивната реализација започна во 2018 година.

## Консултации и размена на информации

Агенцијата беше активна и на полето на размената на искуства за медиумската писменост на национално, регионално и европско ниво. Медиумската писменост беше една од темите за кои беа разменети искуства со регулаторните тела од регионот на Регионалната конференција која Агенцијата ја организираше на 5 септември 2017 година, како дел од одбележувањето на 20-годишнината од постоењето на регулаторот.

Медиумската писменост беше една од темите и на билатералната средба меѓу претставници на македонското и словенечкото регулаторно тело за медиуми, која се одржа во Љубљана, Словенија во декември 2017 година.

Во текот на 2018 година, преку Мрежата за медиумска писменост беа остварени отворени консултациски процеси и размена на информации со различни субјекти кои работат на полето на медиумската писменост.

Во февруари имаше работен состанок со претставнички на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој Паблик за можноста еден број на списанието „Лице в лице“ да се посвети на медиумската писменост.

Во мај беа одржани повеќе состаноци и средби, меѓу кои:

- Со претставници од Фондацијата Метаморфозис и од Евротинк, за можностите за соработка со Агенцијата и со Мрежата за медиумска писменост за проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк“, финансиран од Европската комисија.

- Со претставнички од Македонскиот институт за медиуми (МИМ), за можните форми за соработка со Агенцијата и со Мрежата, за проектот „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“, финансиран од Европската комисија. Освен ова, беа разгледани можностите за активности за структурен развој на Мрежата во рамките на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа“ (ЈУФРЕКС), како и за соработка во регионален проект финансиран од Европската комисија чија цел е создавање мрежи за МП во земјите од регионот, односно за прилагодување на проектот во контекст на развој и унапредување на соработката во постојната Мрежа.

- Со претставнички од Младинскиот образовен форум (МОФ), на кој се зборуваше за соработката со Мрежата и со Агенцијата за „Проектот за младинско изразување“, насочен кон поттикнување и општествено активирање на младите преку низа активности кампањи и обуки, во кој партнери се Центарот за балканска соработка Лоја од Тетово и Младинска алијанса Крушево.

Сите проекти, на почетокот на јуни 2018 година, беа претставени на работен состанок на Мрежата за медиумска писменост, кој беше отворен и за други организации за да се шират можностите за соработка. На состанокот се дискутираше за актуелности на полето на медиумската писменост и се отвори прашањето за формата и правците на натамошното делување на Мрежата.

Освен овие активности, во текот на мај Агенцијата беше домаќин на билатерална средба меѓу претставници на стручните служби на македонското и босанското регулаторно тело. На состаноците беа разменети мислења за повеќе прашања од секојдневното работење на регулаторите, меѓу кои и за медиумска писменост, како и две други теми поврзани со неа - мерките за обезбедување пристап до програмите на лицата со сетилна попреченост и стандардите за прикажување малолетници во програмите.

Во поглед на меѓународната соработка и размена на искуства со другите земји на европско ниво, во септември се одржа работилница на тема „Зајакнување на Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија преку размена на искуства", организирана од МИМ, во соработка со АВМУ. На настанот, реализиран во рамките на проектот ЈУФРЕКС, Мартина Чепман, координаторка на Мрежата за медиумска писменост на Република Ирска, пренесе знаења за стратегиите и активностите потребни при планирање проекти за медиумска писменост, како и добри практики произлезени од соработката меѓу релевантните чинители во рамките на ирската Мрежа.

Соработката со ирската Мрежа, во текот на ноември 2018 година, беше продлабочена со студиска посета во Даблин на група претставници на македонската мрежа за медиумска писменост, која беше остварена на покана од Македонскиот институт за медиуми – МИМ, повторно во рамки на проектот ЈУФРЕКС. За време на престојот, делегацијата учествуваше на конференција на Мрежата за медиумска писменост на Ирска на која претставничка на Агенцијата беше панелистка во една од сесиите при што ја претстави македонската Мрежа за медиумска писменост и проектите, веб страницата итн. Освен учество на конференцијата, студиската посета беше искористена за билатерални средби со повеќе релевантни организации - членки на ирската Мрежа. Во македонската делегација, освен две претставнички на Агенцијата, беа и претставници на Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ1), МИМ, Институтот за комуникациски студии, Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Фондацијата Метаморфозис и граѓанската организација Конеду глобал.

# План за подигнување на свеста

Во Планот за подигнување на свеста беше предвидено Агенцијата да се концентрира на основни активности насочени кон тоа вредностите и придобивките од МП да станат видливи за да се подигне свеста за важноста на МП. Целта требаше да се оствари преку објавување производи, резултати и вести за јавноста преку платформите на Агенцијата за дисеминација и преку воспоставени партнерства со други организации.

Активностите чија реализација беше препорачана со Програмата за поттикнување МП беа следниве:

- *Воспоставување* ***онлајн платформа*** *посветена на МП, користејќи и традиционална веб-страница и социјални мрежи за обезбедување информации, објавување извештаи и добивање повратни информации;*
- *Подготовка и дистрибуција на* ***информативен материјал*** *како што се брошури и печатени материјали насочени кон чинителите и кон општата јавност;*
- *Организирање* ***работилници*** *за конкретни активности поврзани со МП за подигнување на свеста меѓу релевантните чинители и заедници;*
- *Организирање* ***информативни кампањи*** *за теми од МП насочени кон општата јавност, користејќи различни платформи и видови материјали вклучувајќи и печатени и аудио и аудиовизуелни производи;*
- *Учество на* ***состаноци****, конференции и други настани кои ќе понудат можност за ширење информации и воспоставување соработка;*
- *Подготовка и дистрибуција на* ***билтен*** *посветен на МП.*

## Онлајн платформа посветена на МП

До декември 2017 година, Агенцијата имаше посебен дел од својата веб страница www.avmu.mk, којшто беше посветен на медиумската писменост. Со создавањето на Мрежата, се осмисли посебна веб страница која е заедничка за регулаторното тело (кое има посебна законска обврска да информира за своите активности на ова поле на веб страница) и за Мрежата за медиумска писменост. Таа истовремено служи и како алатка преку која јавноста се информира за активностите на Агенцијата и на Мрежата, и како средство за популаризација на Мрежата и подобрување на комуникацијата и соработката меѓу нејзините членки, и како ресурсен центар преку кој можат да се добијат информации за концептот на медиумската писменост и за различните активности кои се спроведуваат. Агенцијата го финансираше создавањето и го финансира одржувањето на www.mediumskapismenost.mk и ги ажурира информациите на неа. Таа функционира на три јазици (македонски, албански и англиски), има алатки кои ја прават достапна за лицата со оштетен вид, а беше промовирана на последниот јавен состанок на Агенцијата, во декември 2017 година. За популаризација на активностите се користат и Фејсбук профилот и Јутјуб каналот на АВМУ.

## Информативен материјал и кампањи

Во овој тригодишен период, Агенцијата презеде повеќе активности за подигнување на свеста за медиумската писменост. На крајот од 2016 и почетокот од 2017 беше адаптиран и емитуван спотот - „За свесноста, што правам јас?“, втор од серијата „Патување кон медиумската писменост“ изработен од меѓународната организација Европска асоцијација за интересите на гледачите (ЕАВИ)[4]. Преводот на текстот и неговото прилагодување на македонски јазик го направи Агенцијата, а аудио записот беше снимен од екипата на Антена 5 Радио. За да обезбеди видливост во јавноста, АВМУ упати барање до сите телевизиски програмски сервиси во државата да го емитуваат на својата програма. На повикот позитивно одговорија 36 телевизии: јавниот сервис МРТ, четири ТВ на државно ниво од кои две се емитуваат преку мултиплекс, а две преку кабелски оператор; 15 регионални - од кои 8 се емитуваат преку мултиплекс, а 7 се кабелски ТВ; и 16 локални ТВ станици. Тие најчесто го емитуваа спотот неколку дена по ред, неколкупати дневно. На Јутјуб каналот на Агенцијата, овој спот е прегледан 215 пати.

Во декември 2017 година, на четвртиот јавен состанок на Агенцијата, беше промовиран и третиот спот од серијата за авантурата на момчето Јове низ медиумската писменост, насловен „Приватност и следење“. Преводот и прилагодувањето на текстот повторно го направи Агенцијата, нахсинхронизацијата беше на Антена 5 Радио, а монтажата на ТВ Шења од Скопје. Сите субјекти кои беа инволвирани при изработката на трите спота од серијалот работеа без надомест. И овој спот беше испратен до сите телевизиски програмски сервиси со барање да биде емитуван бесплатно бидејќи станува збор за кампања од јавен интерес. Го емитуваа 11 телевизиски станици од кои четири на државно ниво, имаше 803 прегледувања на Фејсбук страницата на АВМУ и 129 на Јутјуб каналот на АВМУ.

Во текот на 2017 година, Агенцијата се заложи и за популаризирање на активностите на други субјекти насочени кон подигнување на свеста за медиумската писменост. Така, на својата веб страница ги пренесе и верзиите на двата спота за авантурата на Јове прилагодени на албански јазик од страна на граѓанските здруженија Конеду глобал и Метаморфозис. Исто така, на својата веб страница објави и пет едукативни видеа за различни сегменти на медиумската писменост изработени од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, а линковите повторно ги испрати до сите телевизии за да можат да ги емитуваат како кампањи од јавен интерес. По создавањето на www.mediumskapismenost.mk сите овие содржини беа префрлени на оваа веб страница на која редовно се објавуваат и нови видеа (кампањи или телевизиски прилози) насочени кон подигнување на свеста за важноста на медиумската писменост. Во неколку наврати, претставници на Агенцијата беа и учесници во овие видео материјали (на пример во епизода од ТВ серијалот „Во наше име”, реализиран од Здружението за медиумска и комуникациска култура и граѓански права Реформатор, кој се емитуваше во Вестите во 20.00 часот на ТВ 24 Вести, или во една од емисиите „Медиатека“ реализирани од јавниот сервис МРТ и Македонскиот институт за медиуми).

Освен ова, во почетокот на 2017 година, Агенцијата издаде леток насловен „За медиумската писменост“. Во него на едноставен јазик се даваат одговори на прашањата: „Што е тоа медиумска писменост?“, „За кого е важна таа?“, „На кои медиуми се однесува?“, „Зошто е важна?“ и „Како критички да се оценуваат медиумските содржини?“. Тој беше

[4] Првиот спот од овој циклус е насловен:„ Авантура низ медиумската писменост“. Беше преведен и обработен од страна на вработени од Агенцијата, а г-динот Зоран Петров од Радио Антена 5 го позајми својот глас за ликот на момчето Јове. Спотот беше промовиран во 2015 година и може да се погледне на Јутјуб каналот на АВМУ на линкот: https://www.youtube.com/watch?v=TdcUk-xgBX8

отпечатен во 11 000 примероци и промовиран на 27 април, на промотивниот настан за формирање на Мрежата за медиумска писменост. Неговата содржина беше поместена и на www.mediumskapismenost.mk и доставена до основните училишта во Македонија, како прилог кон ДВД-то со наставни и нагледни материјали кое го изготви Мрежата.

## Работилници, конференции, состаноци и други настани

Агенцијата настојуваше да биде активна во промовирањето и поттикнувањето на медиумската писменост и преку учество на настани организирани од други субјекти.

Во 2016 година претставници на Агенцијата беа панелисти или учесници на следниве настани:

- Во октомври, конференцијата „Медиумската писменост како предуслов за активно граѓанство", на која беше претставен извештајот од истражувањето „Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство". Настанот беше организиран од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во партнерство со Институтот за различности во медиумите од Лондон и со дневниот весник „Нова Македонија", а со поддршка од Европската Унија.

- Во ноември, претставник на Агенцијата, во својство на набљудувач, за првпат учествуваше на состанок на Експертската група за медиумска писменост на Европската комисија, кој се одржа во Брисел, Кралство Белгија.

- Во декември, панел - дискусијата посветена на образовните потреби на новинарите и на медиумската писменост на публиката, која се одржа во Македонскиот институт за медиуми, и на која беше презентиран извештајот од „Истражувањето за образовните потреби на новинарите и за медиумската писменост на публиката", како дел од регионалниот проект „Партнерство на Југоисточна Европа за развој на медиумите".

Во 2017 година, претставници/чки на Агенцијата учествуваа и говореа на следните настани:

- Во јануари, 12 Меѓународна конференција е-Општество.мк - „Проверката на факти и влијанието на новите технологии врз новинарството", организирана од фондацијата Метаморфозис;

- Во март, Регионална конференција „Медиумската писменост и образовните потреби на новинарите и на публиката", организирана од Македонскиот институт за медиуми, Центарот за независно новинарство од Букурешт, Романија и партнерите од Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа-СЕЕНПМ;

- Во мај, панел - дискусијата насловена „Медиумската писменост и (не)довербата на граѓаните во медиумите" во рамките на настан организиран од Делегацијата на ЕУ по повод Светскиот ден на слободата на медиумите.

- Во октомври, работната група – „Медиумска писменост – фокус на улогата на регулаторите" на 46-от состанок на Европската платформа на регулаторни тел (ЕПРА) што се одржа во Виена, Австрија;

- Во декември, работилницата „Медиумската писменост како предуслов за инклузивно општество", организирана од ОБСЕ и Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Во текот на 2018 година, Агенцијата со свои претставници/чки учествуваше на повеќе настани кои нудат можност за ширење информации и воспоставување соработка какви што беа:

- Во февруари, конференцијата „Медиумската писменост во Македонија: во или вон образованието“ организирана од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во партнерство со Институтот за различности во медиумите од Лондон и дневниот весник „Нова Македонија“;

- Во јуни, јавен настан за отпочнување на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк“, на Фондацијата за интернет и општество – Метаморфозис и Центарот за европски стратегии Евротинк, во кој АВМУ се јавува како соработничка;

- Во октомври, јавно претставување на проектите од програмата за мали грантови на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк“, при што овојпат АВМУ се јавува како членка на Советодавниот одбор на проектот;

- Како дел од заложбите за размена на искуства и информации на регионално ниво, во ноември 2018 година во Нови Сад, претставничка на Агенцијата беше панелистка на Регионалната конференција „Медиумите за граѓаните, граѓаните за медиумите“. На овој настан, македонската Мрежа за медиумска писменост беше претставена како пример за позитивна иницијатива, за време на панелот насловен „Дали политиките за медиумска и информациска писменост (МИП) држат чекор со практиките за МИП“. Конференцијата беше организирана во рамките на проектот „Медиумите за граѓаните – граѓаните за медиумите: Градење на капацитетите на граѓанските организации за унапредување на медиумската и информациската писменост на Западен Балкан“, финансиран од Европската Унија, а се спроведува во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

- Во декември, завршната конференција „Медиумската писменост во образованието – предуслов за учество на младите во општествените и политичките процеси во Македонија“ организирана во рамки на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: коалиција за медиумска и информациска писменост“ финансиран од Европската Унија. На конференцијата беше презентирано и истражувањето на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста – Медиумската писменост во Македонија: обид за имплементација во основното образование.

- Во декември, 14 Меѓународна конференција е-Општество.мк, на тема „Медиумски писмени граѓани за отчетни институции“ - во организација на Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис.

## План за следење на трендовите на медиумската писменост

Со Планот за следење на трендовите за медиумската писменост, предвидено беше да се направи истражување во врска со нивото на МП на македонските граѓани. Покрај тоа, за да се прилагодат планираните активности според конкретната ситуација на терен, важно беше да се оценат резултатите постигнати во текот на претходната година, да се прикаже технолошкиот напредок и да се прилагодат новите мерки заради воспоставување конзистентност и континуитет. За таа цел, препорачано беше:

- *Како дел од Годишната програма за работа на Агенцијата, да се изготви **Годишен извештај за МП** за проценка на активностите од претходната година и да се идентификуваат специфичните активности и релевантните ресурси потребни за нивно реализирање во текот на наредната година. Извештајот, исто така, ќе придонесе за идни сценарија, перспективи и нови трендови за да се укаже на приоритетите со цел да се започнуваат нови, конкретни иницијативи.*
- ***Спроведување истражувања и анализи** користејќи различни алатки, како што се анализи, извештаи, статистика, мета истражување и други. Покрај специфичната активност насочена кон утврдување на методологиите и проценка на нивоата на медиумска писменост во Македонија, фокусот ќе биде на темите и приоритетите согласно погоре наведеното. Тие може да ги опфатат и да се поврзат со постојните или идните ад хок активности за: заштита на малолетниците, осигурување пристап за малцинските групи и за луѓето со попреченост, заштита и приватност на податоци, пристап до непристрасни информации, плурализам на аудиовизуелните услуги.*

### Годишен извештај за МП

Во годишните извештаи за работа на Агенцијата за 2016 и 2017 година, посебен дел е посветен на медиумската писменост. Оваа практика секако ќе биде следена и во извештајот за работа за 2018 година, кој треба да биде доставен во Собранието до крајот на март 2019 година и веќе се изготвува во моментот кога се пишува овој извештај. Сите извештаи за работа на Агенцијата се објавени на https://bit.ly/2RVJe9h.

### Истражувања и анализи

Во декември 2016 година, агенцијата Таргет Комуникации во рамки на утврдените рокови, ги достави првичните резултати од истражувањето на нивото на медиумска писменост на возрасната популација во Република Македонија. Методологијата за ова истражување беше направена во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за областите телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“ што се реализираше во текот на 2014 и 2015 година.

На 7 февруари 2017 година, Агенцијата организираше посебна презентација на резултатите од Истражувањето на нивото на медиумска писменост кај возрасна популација спроведено на крајот од 2016 година. На настанот имаше голем одзив. Присуствуваа претставници на надлежни институции, граѓански организации и медиуми. Истиот ден, на

веб страницата на Агенцијата (а подоцна и на веб страницата www.mediumskapismenost.mk) беа објавени и деталните наоди од истражувањето разделени според демографските карактеристики на примерокот http://mediumskapismenost.mk/istrazuvanja-avmu/.

Освен ова, дел од резултатите беа презентирани и за време на сесијата „За медиумската писменост и барањето на граѓаните за повисок квалитет на медиумите“, на 12 Меѓународна конференција е-Општество.мк, насловена „Проверката на факти и влијанието на новите технологии врз новинарството“, што се одржа на 31 јануари 2017 година.

Истражувањето беше претставено и на Меѓународната регулаторна конференција одржана во Охрид, од 24 до 26 мај 2017 година, организирана од Агенцијата за електронски комуникации и SEEDiG.

Во наредниве година-две ќе треба да се направи повторно вакво истражување за да можат да се споредат резултатите и да се утврди дали/какво придвижување има во нивото на медиумска писменост кај возрасните. Освен ова, потребно е да се изработи и истражување за медиумската писменост кај децата, кое Агенцијата се обиде да го реализира уште во 2015 година така што објави јавна набавка и за вакво истражување. Меѓутоа, економскиот оператор што ја доби набавката не го спроведе истражувањето. При планирањето на идното вакво истражување, треба да се има предвид дека во рамки на проектот „КриТинк“ се работи на истражување за медиумската писменост кај адолесцентите, чии резултати можат да дадат насоки за прилагодување на веќе постоечката методологија.

## Други аспекти од работа на АВМУ поврзани со МП

Во специфичните активности од Планот за следење на трендовите на медиумската писменост се вели и следното: „Тие може да ги опфатат и да се поврзат со постојните или идните ад-хок активности за: заштита на малолетниците, осигурување пристап за малцинските групи и за луѓето со попреченост, заштита и приватност на податоци, пристап до непристрасни информации, плурализам на аудиовизуелните услуги“. Освен ова, во Препораката на Советот на Европа CM/Rec(2017)9 за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор[5], се прави јасна врска помеѓу медиумската писменост и родовите прашања во медиумите при што се говори и за промовирање на родово-чувствителна медиумска писменост. Токму затоа, во извештајов се наведени и активностите на Агенцијата за заштитата на малолетниците и за родот во медиумите во периодот 2016 - 2018. Активностите за обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, иако се поврзани и со медиумската писменост, не се ставени во овој документ бидејќи за нив се изготвува посебен Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост 2016-2018.

### Заштита на малолетниците

Регулаторното тело, од својот почеток, посветено работи на заштитата на малолетните лица од програмите кои можат штетно да влијаат врз нивниот физички, психички и морален развој. Регулаторната рамка по која постапуваше Агенцијата во периодот што се разгледува во овој извештај ја прават член 50 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица[6].

Согласно законските ингеренции, регулаторното тело во периодот од 2016 до 2018 година спроведуваше редовни, вонредни и контролни надзори во поглед на почитувањето на правилата за заштита на малолетниците.

Секоја година има повеќе десетици **редовни надзори** кои се прават врз основа на однапред утврдени годишни планови за надзор. Овде посочуваме само 12, односно во кои во текот на овие три години беа констатирани прекршувања. Во 2016 година прекршок имаше кај ТВ Сонце, ТВ Сител и ТВ 21- М; во 2017 година кај МРТ2; а во 2018 година кај телевизиите Телма, Арт Чаннел, 21- М, 24 Вести, Ускана Еден, Здравкин, Клан Македонија и 1 ТВ.

**Вонредните надзори** се вршат врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и по службена должност во случај на сомневање за можен прекршок. Во периодот од 2016 до 2018 година, беа извршени 7 вонредни надзори, главно по претставки од физички лица, и тоа: во 2016 година на ТВ Сител 3 (основана); во 2017 година на ТВ Телма (неоснована), два пати на ТВ Сител (вториот пат е основана); во 2018 година, предмет на надзор беа повеќе медиуми поради претставка за начинот на известување за малолетничко насилството во ООУ „Гоце Делчев“ во Неготино (неоснована), потоа 1ТВ (основана) и ТВ Алфа (неоснована).

---

[5] Достапна на македонски јазик на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-MAKEDONSKI.docx, а на албански јазик на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-ALBANSKI.docx

[6] Достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf?fbclid=IwAR1Dfk2fqYzFHAvpl1a3lOUiP74geRvGXoacw8MC8MmCTcA_H9OWpQvesrw

**Контролните надзори** Агенцијата ги врши за да провери дали медиумите кај кои било констатирано прекршување ја исправиле грешката. Во 2016 година, за три медиуми (ТВ Сонце, ТВ Сител 3 и ТВ 21-М) е утврдено дека престанале со прекршувањето, а кај ТВ Сител дека и понатаму го вршел истото прекршување. Во 2017 година, за МРТ2 било утврдено дека постапил по изречената мерка. Во 2018 година, ТВ Ускана Еден го отстранила прекршувањето, а за ТВ Здравкин била покрената прекршочна постапка, бидејќи продолжила со вршење на прекршувањето.

Освен преку надзорите, со кои се остварува директно влијание врз радиодифузерите за тие да бидат свесни за својата улога во заштитата на малолетниците, Агенцијата настојуваше да ја шири свесноста за важноста на ова прашање и преку учество во различни други активности.

Така, во 2018 година, учествуваше во подготовката на публикација за улогата на регулаторните власти во заштитата на малолетниците, која се изработува во рамките на проектот ЈУФРЕКС, а треба да излезе од печат во 2019 година. Нејзиното подготвување е резултат на постигнатата согласност кај регулаторните тела (во дискусии и консултации како на регионалните конференции организирани како дел од ЈУФРЕКС, така и на други регионални средби) за тоа дека публикација која ќе овозможи споредбен увид во постапувањето по ова прашање ќе има големо значење за идните активности.

На крајот од 2018 година беше промовиран и посебен инфографик кој дава увид во основните карактеристики на емисиите за деца што се емитуваат на националните телевизии во Македонија (застапеност, жанр, потекло, година на производство и сл.) и истовремено, уште еднаш го популаризира системот за класификација на ТВ-програмите.

Освен ова, регулаторното тело настојуваше да биде активно и во полето на младинското информирање, младите и медиумите и креирањето младински политики. Во рамките на овие заложби, кон крајот на 2016 година, претставник на АВМУ учествуваше на работилница за мониторинг и евалуација на активностите на Националната стратегија за млади, организирана од Агенцијата за млади и спорт (АМС) во соработка со ОБСЕ.

Во декември 2017 година, претставници на Агенцијата беа дел од „Националната работилница за креирање на документ со препораки за воспоставување на систем за младинско информирање на локално и национално ниво", која се одржа во Струга, во организација на Коалицијата на младински организации СЕГА и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Erasmus +). Тие одржаа презентација за наодите од истражувањата спроведени од регулаторното тело на тема „Младите и медиумите" и одговорија на прашања поврзани со учеството на Агенцијата во спроведувањето на Акцискиот план и Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025, можностите на постојната структура за младинско информирање и за понатамошен развој, можностите за младинско информирање кои ги нуди непрофитниот радиодифузен сектор, односно трите универзитетски радија во Скопје, Штип и Битола, како и за програмите од интерес на младите во продукција на Јавниот радиодифузен сервис МРТ и можностите за непосредно влијание во обезбедувањето на ваков вид програми преку Програмскиот совет на МРТ.

Во 2018 година, претставник од Агенцијата стана член на интерресорската работна група за младински политики формирана по заклучок од Владата.

Дополнително, на 22 јуни 2018 година, претставник на АВМУ беше воведничар на панел-дискусијата „Младите и медиумите" и ги претстави резултатите од истражувањето на публиката за програмите за младите во Македонија кое го спроведе Агенцијата. Панел дискусијата „Младите и медиумите" беше организирана од Коалицијата на младински

организации СЕГА во рамките на Неделата на граѓански организации поддржана од проектот на УСАИД за граѓанско учество – како серија од настани кои ја промовираат работата на граѓанските организации пред пошироката јавност.

## Родот и медиумите

Почнувајќи од 2012 година, а врз основа на членот 17 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Агенцијата еднаш годишно подготвува анализи на родовите прашања и на претставувањето и прикажувањето на жените и мажите во телевизиските програми, наодите ги презентира пред јавноста, ги објавува на својата веб страница и ги доставува до Собранието и до Министерството за труд и социјална политика со цел да бидат искористени при понатамошното креирање политики. Освен ова, почнувајќи со 2010 година, обезбедува и родово разделени податоци за вработените кај радиодифузерите кои ги доставува и до Државниот завод за статистика.

Состојбата со родовите прашања во периодот 2016-2018 беше прикажана во истражувањата: „Родот во телевизиските програми: Извештаи од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година“, „Истражувањето за родот во телевизиските програми во 2017 година“, „Родот на ТВ во 2018: Зад екранот и на него“ и „Родот на телевизија: Збирка годишни истражувања за третманот на родовите прашања и за начинот на претставување на жените и мажите на националните ТВ станици (2012-2016), со споредбени показатели“.

Како дел од напорите да се надминат родовите стереотипи во медиумските содржини, секоја година е одбележана со по барем еден настан на кој се презентираат резултатите од годишните родови анализи на медиумските содржини, на кој се поканети претставници на медиумите, државните институции и граѓанскиот сектор.

Така, на четвртиот јавен состанок на Агенцијата кој се одржа во декември 2017 година[7] пред учесниците беше претставена и Препораката CM/Rec(2017)9 за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор која Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои на 27 септември 2017. Во неа, меѓу другото, постои посебно заглавие за Поттикнување на постојан развој на медиумската писменост во кое се посочува на потребата од вклучување родово - чувствителни содржини во медиумската писменост за сите возрасти и области.

Во текот на 2018 година, беа организирани два вакви значајни настани, обата во март. На првиот, освен резултатите од истражувањето за 2017 година, беа промовирани ТВ и радио спотовите од кампањата на Агенцијата насловена „Сексизмот понижува“ чија цел е надминување на сексизмот во медиумите. Спотовите беа објавени на веб страницата, на Фејсбук профилот и на Јутјуб каналот на АВМУ и им беа понудени на медиумите да ги емитуваат. ТВ спотовите ги емитуваа две национални ТВ (едната ги титлуваше на албански) и две локални ТВ, а радио спотот - една национална радио станица и една локална. На Јутјуб каналот на Агенцијата, едниот од ТВ спотовите има 879, другиот има 806 прегледувања, додека радио спотот е слушан 852 пати. За нивна популаризација беше искористен и Фејсбук профилот на АВМУ.На вториот настан, на крајот од март, беше презентирана публикацијата „Родот на телевизија: Збирка годишни истражувања за

[7] Сето она што Агенцијата го работи на полето на родовите прашања во аудиовизуелната индустрија е достапно на македонски, албански и англиски јазик на посебен дел од веб страницата посветен на ова прашање, односно на: http://avmu.mk/rodot-i-mediumite-art/. Сите истражувања се објавени и во печатена форма, на трите јазика.

третманот на родовите прашања и за начинот на претставување на жените и мажите на националните ТВ станици (2012-2016), со споредбени показатели“, која е важна зашто дава сеопфатен приказ на родот во телевизиските програми правејќи споредба на показателите од истражувањата 2012-2016 (онаму каде споредбата е можна), потоа на анализите на структурата на вработените во аудиовизуелниот сектор, истражувањата за ставовите на публиката за радио и телевизиските програми и податоците за родовата структура на сопственоста на телевизиите. Ова е прва ваква анализа во државата.

Освен истражувањата, дебатите и кампањите, Агенцијата врши и надзор по сите поплаки, претставки и прашања во врска со медиумските содржини за кои постои сомневање дека се спротивни на принципите на родовата еднаквост. Оваа заложба се заснова на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во кој е пропишано дека аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на пол[8].

Врз оваа основа, во ноември 2017 година, при надзор врз програмата на Сити Радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио Мрежа, Агенцијата констатираше дека т.н. кампања наменета за „сите пре-еманципирани жени“ претставува дискриминација врз основа на пол, ширење мизогинија и сексизам што беше флагрантно кршење на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По тој повод, истиот месец претставници на Агенцијата учествуваа на Јавна расправа на тема: Говор на омраза во медиумите насочен кон жените, организирана од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија.

Во февруари 2018 година, кај ТВ Канал 5 беше утврдено стереотипизирано претставување на половите и на родовите улоги поврзани со жените и нивниот брачен статус.

Едно од родовите прашања е и претставувањето и известувањето за луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет, односно разбивањето на стереотипите поврзани со сексуалната ориентација. Во тој контекст, Агенцијата особено соработува со Коалицијата Маргини. Тие, во два наврати, на настани организирани од регулаторното тело, презентираа резултати од нивните истражување за известување за ЛГБТИ во медиумите. Во рамките на оваа соработка, во своето редовно истражување за ставовите на публиката за програмите на медиумите реализирано кон крајот на 2017 година, Агенцијата вклучи неколку прашања преку кои се утврдија перцепциите на граѓаните за начинот на известување на медиумите за ЛГБТИ заедницата. Претставник на Коалицијата ги презентираше добиените резултати во април 2018 година, за време на промоцијата на македонската верзија на публикацијата „Регулаторни тела за медиумите и говорот на омраза“ изработена од регулаторните тела од регионот во рамките на проектот ЈУФРЕКС. Со цел наодите од истражувањето да бидат подостапни за граѓаните, Агенцијата ги сублимираше и ги отпечати во форма на инфографик (на македонски, албански и англиски јазик), кој го презентираше во декември 2018 година, на последниот јавен состанок на регулаторното тело за таа година.

На ова поле, во март 2018 година, во Агенцијата беше промовирана Декларацијата за етичко и професионално известување за теми поврзани со ЛГБТИ во медиумите, која е резултат од заедничката иницијатива на Коалицијата Маргини, Советот за етика во

---

[8] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој влезе во сила во почетокот на 2019 година, значајно се проширени основите по кои е забранета дискриминација така што ги вклучуваат и категориите род, сексуална ориентација и родов идентитет.

медиумите, Здружението на новинари на Македонија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата настојуваше да биде и активен чинител при подготовката на различни документи кои ја определуваат политиката во поглед на родовите прашања во земјата. Во овој контекст е важна соработката со Министерството за труд и социјална политика при подготовката на Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020), Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска Конвенција) 2018-2023, предлог-законот за родово базирано насилство, шестиот периодичен извештај на Република Македонија по Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW). Дел од соработката со МТСП беа и две обуки за основните концепти и поими поврзани со родовите прашања реализирани, во февруари 2018 година, како дел од јакнењето на капацитетите на стручната служба во регулаторното тело.

Освен ова, Агенцијата соработуваше и со граѓански организации кои изработуваат извештаи во сенка за спроведувањето на стратегиите и конвенциите и учествуваше на конференции, работилници и други настани организирани од различни субјекти. Во 2017 година вакви беа на пример: конференцијата „Унапредување на заштитата од дискриминација“, со фокус на сексуалната ориентација и родовиот идентитет“ (организирана од ХЕРА и Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, заедно со 3 општини, со Народниот Правобранител, Министерството за правда и Комисијата за заштита од дискриминација) и панел - дискусијата „Родот во медиумите“ (Центар за истражување и креирање на политики - ЦИКП Скопје). Во 2018 година: „Маршот за женски права“ организиран од Платформата за родова еднаквост по повод Меѓународниот ден на правата на жената; тренингот за родовите аспекти на проценка на влијанието на регулативите, како дел од проектот: „Родово рамноправна ЕУ интеграција? – градење капацитети на женските граѓански организации“ (Фондација Kvinna till Kvinna и Реактор – Истражување во акција); презентирањето на резултатите од Индексот на родова еднаквост во општините во Република Македонија подготвен од Реактор – Истражување во акција со поддршка на Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

На меѓународно ниво, на 47-от состанок на ЕПРА што се одржа во мај 2018 година во Луксембург, во работна група за „Постигнување поголема разновидност во радиодифузијата: посебен фокус на родот“ беа презентирани резултатите од истражувањата на Агенцијата. Во декември, на покана од Европската аудиовизуелна опсерваторија (ЕАО), претставничка на Агенцијата учествуваше на работилницата „Родова нерамнотежа во аудиовизуелните индустрии“, којашто се одржа во Стразбур. На состанокот, претставници на филмската индустрија, телевизиите, регулаторните тела, Советот на Европа, Европската комисија, Еуроимаж, ЕАО и други субјекти, ги сумираа сознанијата од досегашните истражувања на различните аспекти на родовата нееднаквост во аудиовизуелните медиумски услуги и филмската индустрија во Европа и ги разгледуваа потребите за истражувањата и активностите што ќе се спроведуваат во иднина.

# Кон иднината

Сознанијата од спроведувањето на Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија за периодот 2016-2018, како и искуствата од други европски регулаторни тела, покажуваат дека за еден феномен кој е толку сеприсутен и динамичен каква што е медиумската писменост, наместо програма со конкретно препорачани, опишани активности и ограничен период, посоодветно е да се изработи документ за политики којшто би ги мапирал клучните области за дејствување, компетенции коишто треба да се развијат и цели кон коишто треба сите чинители да се стремат. Оттаму, со поддршка која ја обезбеди Советот на Европа во рамките на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа“ (ЈУФРЕКС), во периодот кога е подготвен овој извештај, во тек е изработка на документ за политики за медиумската писменост на Агенцијата. Овој документ го изработува Паоло Челот, извршниот директор на Европска асоцијација за интересите на гледачите (ЕАВИ), кој во текот на 2015 година ја изработи и Програмата на која се однесува овој извештај.

Бр. 03-1206/1
4 март 2019